Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 295, 15 март 2022 година

март 2022 година
Штип

# СОДРЖИНА

РЕФЕРАТ за избор на еден наставник во насловно звање насловен доцент за наставно-научната област вокална интерпретација и џез ансамбл на Музичка академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 3

РЕФЕРАТ за избор на еден наставник во насловно звање насловен доцент за наставно-научната област видови на инструменти – џез тапани на Музичка академија при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 8

РЕФЕРАТ за избор на еден наставник во насловно звање насловен доцент за наставно-научната област видови на инструменти – џез труба и џез ансамбл на Музичка академија при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 13

РЕЦЕНЗИЈА на ракописот за скрипта „Основи на unified modeling language (uml)“ од авторите доц. д-р Васко Кокаланов и доц. д-р Зоран Златев, Факултет за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 18

РЕЦЕНЗИЈА на ракописот „Туристичка географија“ (учебник) од авторите проф. д-р Никола В. Димитров и проф. д-р Цане Котески, по предметот Туристичка географија, на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 20

РЕЦЕНЗИЈА на ракописот „Дигитална економија” од проф. д-р Ристе Темјановски, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 23

ПРЕГЛЕД на наслови на теми за изработка на магистерски и специјалистички трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата ........ 29

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Уредник на издавачка продукција: проф. д-р Лилјана Колева Гудева
Главен и одговорен уредник: проф. д-р Блажо Боев
Уредници: проф. д-р Мишко Цидров, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска Атанасовска
Техничко уредување: Кире Зафиров
Печати: Печатница „2- Август“ - Штип
**ISSN: 1857- 8497**

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ НАСЛОВЕН ДОЦЕНТ ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ВОКАЛНА ИНТЕРПРЕТАЦИЈА И ЏЕЗ АНСАМБЛ НА МУЗИЧКА АКАДЕМИЈА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр. 1402-113/6 од 20.12.2021 година донесена на седница на Наставно-научниот уметнички совет на Музичката академија, одржана на 20.12.2021 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на 1 (еден) наставник во насловно звање насловен доцент за наставно-научната област *вокална интерпретација (60916)* и *џез ансамбл (60916)* на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Рецензентската комисија е во состав:

– **м-р Сашо Поповски,** наставно-научна и уметничка област видови на инструменти – џез гитара, редовен професор на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, претседател;
– **м-р Антонијо Китановски,** наставно-научни уметнички области џез гитара и џез композиција, редовен професор на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, член;
– **м-р Борис Трајанов,** наставно-научни уметнички области вокално пеење, редовен професор на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, член.

Врз основа на приложената документација од кандидатот, чест ни е на Наставно-научниот уметнички совет на Музичката академија да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Нова Македонија”, „Утрински весник“ и „Коха” на 1.12.2021 година и во предвидениот рок се пријави единствено кандидатката м-р Наташа Миха Пух од Скопје.

***Биографски податоци***

***Едукација*:**

- мај 2016 год., Факултет за музичка уметност – Скопје, УКИМ, Р. Македонија, магистрирала музичка интерпретација и композиција – соло пеење, во класата на проф. д-р Горан Начевски;
- мај 2013 год., Факултет за музичка уметност – Скопје, УКИМ, Р. Македонија, дипломирала вокална интерпретација, отсек Соло пеење во класата на проф. д-р Горан Начевски;
- јуни 2009 год., ДМБУЦ „Илија Николовски - Луј“ - Скопје, Р. Македонија, насока Музичар теоретичар;
- 1998 – 2005 год., основно музичко образование во ДМУ „Тодор Скаловски - Тетоец“ - Тетово, Р. Македонија; инструмент – пијано.

***Наставно-образовна дејност***

Од 2013 до 2015 година Наташа е вработена на определено време како наставник по соло-пеење во ДМУ „Тодор Скаловски – Тетоец“ – Тетово, а од 1.12.2015 г. е вработена на неопределено време како наставник по соло-пеење и камерна музика во ДМУ „Тодор Скаловски – Тетоец“ – Тетово.

Во 2016 година волонтирала како хорист во МОБ и Мајски оперски вечери, има учествувано во изведби на „Евгениј Онегин“, „Хофманови приказни“ и „Турандот“.

Во 2019 – тековно, Наташа основа своја онлајн едукативна платформа за пејачи „Sing With Miha“, наменета за пејачи и ентузијасти на сите нивоа и возраст.

Својата посветеност кон уметноста и музиката м-р Наташа Миха Пух ја надополнува и преку нејзиното неформално образование во областа на вокалната интерпретација кое опфаќа посета на мастеркласи во рамки на државата.

Во продолжение се прикажани дел од нејзините активности:

- Мастерклас на Инва Мула (сопран), изведба на песни – Факултет за уметности, Тетово (2018);
- Мастерклас на Михајло Арсенски (тенор), емоционална конекција при интерпретација – Македонска опера и балет, Скопје (2017);
- Мастерклас на Балдо Микулиќ, Werbeck техника на пеење и нега на глас – Факултет за музичка уметност, Скопје (2013);
- Мастерклас со Еленор Валкенбург (сопран), оперски арии – Факултет за музичка уметност, Скопје (2012);
- Златна плакета за особен придонес на соработка, за развој, негување на наследството, традицијата, културата и уметноста на Првата меѓународна културна манифестација „Денови на Иљо-2014“ при ЗКУ „Иљо Антески - Смок“ – Тетово. (2014);
- Четири први награди по солфеж на Државен натпревар за ученици и студенти по музика во Скопје и Битола (2003, 2005, 2007, 2011);
- Втора награда по Камерна музика на Државен натпревар за ученици и студенти по музика во Битола (2005).

***Критериумите за избор во сите звања наведени во Конкурсот беа следниве***

Кандидатот треба да има завршено високо образование од втор степен за наставно-уметничките области, како и да ги исполнува останатите услови наведени во член 127 од Законот за високо образование и Правилникот за единствените критериуми и постапка за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Потребните документи за кандидатура за избор, наведени според Конкурсот, беа доставени во целост и беа следниве:

- пријава;
- диплома за завршено соодветно образование – за одбрана на магистерски труд;
- уверение за положени испити на прв и втор циклус студии;
- кратка биографија;
- список на објавени научни и стручни трудови;
- по еден примерок од трудовите;
- потврда дека се служи со еден од светските јазици;
- еден примерок од магистерскиот труд;
- уверение за државјанство.

**Табела со опис за изведба на пет целовечерни концерти**

| Бр. | Изведувач | Вид на концерт | Наслов на концертот | Датум на изведба |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Наташа Миха | Целовечерен концерт | Natasha Miha in Blues - Blues and Soul Festival, Скопје | 18.9.2021 |
| 2. | Наташа Миха | Целовечерен концерт | Концерт Station: Innermost LIVE, предворје на Дом на култура „Иљо Антески - Смок“, Тетово | 13.9.2021 |
| 3. | Наташа Миха | Целовечерен концерт | Стив Рајх - Музика за 18 музичари, Македонска филхармонија, Скопје | 14.10.2021 |
| 4. | Наташа Миха | Целовечерен концерт | Station: Innermost, концертна промоција на „Exposure“, Скопје | 18.9.2019 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **5.** | Наташа Миха | Целовечерен концерт | Дамир Пух, North City International Blues and Jazz, Косовска Митровица | 16.5.2018 |

***Стручно-уметнички активности***

- „Улица“ – Музичко-сценски перформанс (2021);
- Rock Symphony Concert, Битола (2021);
- Денови на македонска музика (2021);
- Natasha Miha in Blues, Blues and Soul Festival, Скопје (2021);
- Rock Symphony Concert, Битола (2021);
- Стив Рајх - Музика за 18 музичари, Македонска филхармонија, Скопје (2021);
- North City International Blues and Jazz, Косовска Митровица (2018);
- Придружен вокал на Queen Real Tribute, Скопје (2018);
- Station: Innermost концертна турнеја во Македонија (2020);
- Station: Innermost, концертна промоција на „Exposure“, Скопје (2019);
- Денови на македонска музика (2020);
- Придружен вокал на Vanessa Mae, Скопје (2017);
- Отворање на Струшка музичка есен, Струга (2016 и 2018);
- Вокален изведувач, ансамбл ConTempora (2017-2020);
- Damir Puh Project концерт, Скопје (2017);
- Вечер на романтични и популарни песни за глас и пијано, Скопје (2017);
- Мајски оперски вечери, хорист во „Евгениј Онегин“, „Турандот“ и „Хофманови приказни“, Скопје (2016);
- Солистички мултимедијален концерт во склоп на фестивал „Златна лира“, Скопје (2016);
- Skopje Jazz& Blues Festival (2015);
- Солистички мултимедијален концерт „Рецитал“, Тетово (2015);
- Солист и хорист на ПроАрс (2013-2019);
- Солистички рецитал, Тетово (2013);
- Најмлад учесник на Денови на македонска музика (2005).

***Студиски проекти, албуми и синглови***

- Наташа Миха – синглови „Solitude”, „Кругот“, „Пеперутка“, „Те сонив“, „Сѐ што знам“ (2020-2021);
- Station: Innermost – Концептуално ЕП „Exposure“, синглови „The Light“, „Four and a Half Minutes Away“, „My Only One“ (2018-2021);
- Bondi Blue – синглови „Знам“, „Залудно е“, „Дај заборави“ (2012-2013);
- Damir Puh – Recollection, вокални делници на „Bifold“, „Eruption Shapes Square“, „Something to Say“, „In Solitude“, коавтор на „Long Gone“ (2017);
- Вокален перформанс во „In Heaven“ филмска музика за „Zhong Kui – Snow Girl And The Dark Crystal“ (Javier Navarrete во соработка со Nicolas Dodd, продукција на Sam Okell) МРТ Скопје (2014);
- Fame’s Projects (2014-2018).

***Стручно-апликативна дејност***

Студиски пејач, аранжер и копродуцент за многубројни артисти од македонската музичка сцена (Green Room Sound Studio).

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Од севкупната детално наведена образовна и стручно-уметничка активност на кандидатката, констатираме дека м-р Наташа Миха Пух ги исполнува сите предвидени услови за избор во насловно звање насловен доцент за наставно-научната уметничка област *вокална интерпретација (60916)* и *џез ансамбл (60916)* на Музичката академија, наведени во член 127 од Законот за високо образование и Правилникот за единствените критериуми за постапка за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип. Кандидатката преку остварените досегашни активности покажа способности за развивање на наставно-образовната дејност, за стручно-уметнички активности преку активно концертирање и организациско-развојна способност. Особена чест ни е како Рецензентска комисија да му предложиме на **Наставно-научниот уметнички совет да го усвои нашиот предлог и кандидатот м-р Наташа Миха Пух да се избере во насловно звање насловен доцент за наставно-научната уметничка област вокална интерпретација и џез ансамбл на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**М-р Сашо Поповски,** редовен професор, с.р.
**М-р Антонијо Китановски,** редовен професор, с.р.
**М-р Борис Трајанов,** редовен професор, с.р.

**ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДИРААТ ПРИ ИЗБОРОТ ВО ЗВАЊЕ**

| Ред. бр. | НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ И СТРУЧНО-УМЕТНИЧКИ АКТИВНОСТИ | Поени | |
|---|---|---|---|
| | | во земјава | во странство |
| 6 | Пленарно предавање на научен собир, музички настап на официјален концерт | 19x3=54 | 5x6=30 |
| 8 | Одржано предавање по покана од научна институција, музички настап на официјален концерт | 5x2=10 | |
| 11 | Одбранет магистерски труд | 4 | |
| **Вкупно поени од НИ-СУ 98** | | | |

| Ред. бр. | СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ И ОРГАНИЗАЦИСКО-РАЗВОЈНА ДЕЈНОСТ | Поени | |
|---|---|---|---|
| | | во земјава | во странство |
| 2 | Поглавје од книга / ЦД | 1x10=10 | |
| **Вкупно поени од СА-ОР 10** | | | |
| **Вкупно поени од НИ-СУ + СА-ОР = 108** | | | |

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ НАСЛОВЕН ДОЦЕНТ ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ВИДОВИ НА ИНСТРУМЕНТИ – ЏЕЗ ТАПАНИ НА МУЗИЧКА АКАДЕМИЈА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ -ШТИП**

Со Одлука бр. 1402-113/8 од 20.12.2021 година донесена на седница на Наставно-научниот уметнички совет на Музичката академија, одржана на 20.12.2021 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на 1 (еден) наставник во насловно звање насловен доцент за наставно-научната област *видови на инструменти – џез тапани* на Музичка академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип. Рецензентската комисија е во состав:

– **м-р Сашо Поповски,** наставно-научни уметнички области џез гитара и џез композиција, редовен професор на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, претседател;
– **м-р Антонијо Китановски,** наставно-научна и уметничка област видови на инструменти – џез гитара, редовен професор на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, член;
– **д-р Ангеле Михајловски,** наставно-научна и уметничка област пијано, редовен професор на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, член.

Врз основа на приложената документација од кандидатот, чест ни е на Наставно-научниот уметнички совет на Музичката академија да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

Конкурсот за овој избор беше објавен во весникот „СЛОБОДЕН ПЕЧАТ“, објавен на 1.12.2021 година и во предвидениот рок се пријави единствено кандидатот м-р Виктор Филиповски од Скопје.

**Биографски податоци**

***Едукација*:**

- Основно училиште
  „Крсте Мисирков” - Скопје
  1999 – 2007
- **Средно музичко училиште**
  „Илија Николовски Луј” - Скопје (Отсек за традиционална игра и песна), 2007 – 2011
  Додипломски студии
  Универзитет „Гоце Делчев” - Штип, Музичка академија - Џез насока. Класа проф. Александар Секуловски, 2011 – 2016
- **Постдипломски (магистерски)** студии на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, ментор проф. Антонијо Китановски, 2016-2021; тема на магистерски труд – „Музиката на Елвин Џоунс”.

***Наставно-образовна дејност***

Од 2018 година до денес е хонорарно ангажиран како стручњак од практиката на Џез одделот по предметите Џез тапани на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев” – Штип.

Својата посветеност кон уметноста и музиката м-р Виктор Филиповски ја надополнува и преку неговото неформално образование кое го етаблира како почитуван член на академската и уметничка средина. Во продолжение се прикажани дел од неговите активности:

- Учествува на семинари и работилници од областа на џез-музика кај врвни музичари и педагози меѓу кои Грегори Хачинсон, Џек Дежонет, Џоџо Мејер, Франческо Чиниљо, Бил Фризел, Џон Скофилд, Хамилтон Де Холанда.
- Од 2017 до 2019 година работи како професор по тапани во Музичкото училиште „Пиано форте” – Скопје.
- Досега одржани 4 masterclass предавања, од кои едно во Македонија, две во Србија и едно во Косово.
- Од 2018 г. е стручен соработник на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

***Критериумите за избор во сите звања наведени во Конкурсот беа следниве:***

Кандидатот треба да има завршено високо образование од втор степен за наставно-уметничките области, како и да ги исполнува останатите услови наведени во член 127 од Законот за високо образование и Правилникот за единствените критериуми и постапка за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Потребните документи за кандидатура за избор, наведени според Конкурсот, беа доставени во целост и беа следниве:

- Пријава;
- Оригинал диплома за завршен втор циклус студии и 3 (три) копии заверени на нотар;
- Диплома за завршен прв циклус студии и 3 (три) копии заверени на нотар;
- Уверение за положени испити на прв и втор циклус студии;
- Кратка биографија;
- Потврда за познавање на странски јазик;
- Препораки од двајца вонредни професори;
- Примерок од магистерски труд;
- Примерок од објавен труд;
- Уверение за државјанство;
- Потврди од одржани концерти.

**Табела со опис за изведба на 5 целовечерни концерти**

| Бр. | Изведувач | Вид на концерт | Наслов на концертот | Датум на изведба |
|---|---|---|---|---|
| 1. | **Виктор Филиповски** | Целовечерен концерт | Концерт на Васил Хаџиманов трио, Руски дом – Белград, Србија | 10.12.2021 |
| 2. | **Виктор Филиповски** | Целовечерен концерт | Концерт на Танец и Влатко Стефановски (Јубилеј на Танец), Национална опера и балет | 6.11.2021 |
| 3. | **Виктор Филиповски** | Целовечерен концерт | Концерт на Васил Хаџиманов бенд, МЦ Павароти (Мостар, Босна и Херцеговина) | 21.8.2021 |
| 4. | **Виктор Филиповски** | Целовечерен концерт | Концерт „Tribute to Jazz Messengers”; Прилеп џез викенд | 28.8.2021 |
| 5. | **Виктор Филиповски** | Целовечерен концерт | Концерт на Тони Китановски Панда 5 и Чад Меккалоу; Прилеп џез викенд | 27.8.2021 |

***Стручно-уметнички активности***

*Одбрани концерти:*

- Концерт на Васил Хаџиманов бенд; Банско џез фестивал (Бугарија), 3.6.2021 г.
- Концерт на Тони Китановски трио; СоФест (Софија, Бугарија), 14.6.2019 г.
- Концерт со Тони Китановски; Јубилеј 30 години музика на Скопје џез фестивал, Национална опера и балет – Скопје, 21.10.2018 г.
- Концерт на Васил Хаџиманов бенд; JFK (Jazz Fest Kragujevac) Србија, 6.9.2020 г.
- Концерт на Арменд Џафери трио; Teatri Oda (Приштина, Косово), 21.11.2019 г.
- Концерт на Сашо Поповски трио; Rochella Jazz Fest (Јоника, Италија), 12.8.2019 г.
- Солистички настап; Skopje Drum Festival, 31.10.2020 г.
- Masterclass и солистички настап; Skopje Drum Talks, 30.10.2021 г.
- Концерт на Bopers; Prishtina Jazz Week (Приштина, Косово), 5.3.2019 г.
- Концерт на Сашо Поповски трио; Скопје џез фестивал, 17.10.2020 г.
- Концерт на Теодосиј Спасов; JFF Festival Битола, Македонија, 19.4.2019 г.
- Концерт на Владимир Четкар; Nisville Jazz Festival (Ниш, Србија), 13.8.2016 г.
- Концерт на ЗЏМ Биг бенд; NYou Festival (Тирана, Албанија), 6.6.2018 г.
- Концерт на Fierce; Прилеп џез фестивал, 30.8.2018 г.

*Членство и соработка со оркестри и поголеми ансамбли:*

- ЗЏМ (Здружение на џез музичари и слободни уметници) Биг бенд
- Тони Китановски „Little Big Orchestra"
- Македонска филхармонија
- Оркестарот на национален ансамбл Танец
- Тони Китановски и Черкези оркестар.

*Членство и соработка со помали ансамбли:*

- Тони Китановски, Panda 5
- Тони Китановски трио
- Васил Хаџиманов бенд (Белград, Србија)
- Васил Хаџиманов трио (Белград, Србија)
- Влатко Стефановски
- Сашо Поповски трио
- Елена Дури (Швајцарија)
- Арменд Џафери (Приштина, Косово)
- Илир Бајри (Приштина, Косово)
- Теодосиј Спасов (Софија, Бугарија)
- Дон Менза (САД)
- Едуардо Раон (Португалија)
- SJInc
- CuckooRack Quintet
- Владимир Четкар.

***Студиски и музички албуми***

- „Big City Scare" - Тони Китановски - Panda 5, 2018, SJF Records
- „Fallen Land" - Сашо Поповски, 2020, SJF Records
- „Light Pillar" - Гордан Спасовски трио, 2021, ZJM Records
- „Intermission" - D.S.H., 2019, ZJM Records
- „Introspective" - Ilir Bajri Trio, 2021, PlayEars Label
- „Sharlla Buzlla" - Armend Xhaferi Trio, 2020, PlayEars Label
- „Pyongyangs" - 2020, Matracookie Records
- „Opak" - Fierce, 2016, DIY Label
- „Огледало" - Марија Димитријевиќ, 2019, Bagi Music
- „Flert" - Barbarella, 2018, DIY Label
- „Barbarella" - Barbarella, 2017, DIY Label.

*Стручно-апликативна дејност*

- Од 2020 година е ендорсер на **Diril Cymbals** (Турција) и на **Janara Drum Distribution** (Италија).
- Во 2017 година ја добива наградата „Golden Oryx” за најдобар млад џез музичар во Македонија. Наградата е доделена од Скопскиот џез фестивал и Qatar Airways.
- 2018 година се појавува како автор на музика за театарска претстава „Уништување на народот или мојата јетра е бесмислена” од Дамјан Костовски.
- 2020 година се појавува како автор на музика за краток филм „Home” од Адријана Данчевска.
- Автор на првата тапанарска звучна библиотека во Македонија „Jingle Cells” – Matracookie Records.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Од севкупната детално наведена образовна и стручно-уметничка активност на кандидатот, констатираме дека м-р Виктор Филиповски ги исполнува сите предвидени услови за избор во насловно звање насловен доцент за наставно-научната уметничка област *видови на инструменти – џез тапани* на Музичката академија, наведени во член 127 од Законот за високо образование и Правилникот за единствените критериуми за постапка за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип. Кандидатот, преку остварените досегашни активности, покажа способности за развивање на наставно-образовната дејност, за стручно-уметнички активности преку активно концертирање и организациско-развојна способност. Особена чест ни е како Рецензентска комисија да му предложиме на **Наставно-научниот уметнички совет да го усвои нашиот предлог и кандидатот м-р Виктор Филиповски да се избере во насловно звање насловен доцент за наставно-научната уметничка област *видови на инструменти – џез тапани* на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**М-р Сашо Поповски,** редовен професор, с.р.
**М-р Антонијо Китановски,** редовен професор, с.р.
**Д-р Ангеле Михајловски,** редовен професор, с.р.

**ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДИРААТ ПРИ ИЗБОРОТ ВО ЗВАЊЕ**

| Ред. бр. | НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ И СТРУЧНО-УМЕТНИЧКИ АКТИВНОСТИ | Поени | |
|---|---|---|---|
| | | во земјава | во странство |
| 6 | Пленарно предавање на научен собир, музички настап на официјален концерт | 16x3=48 | 14x6=84 |
| 8 | Одржано предавање по покана од научна институција, музички настап на официјален концерт | 4x2=8 | |
| 11 | Одбранет магистерски труд | 4 | |
| **Вкупно поени од НИ-СУ 144** | | | |

| Ред. бр. | СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ И ОРГАНИЗАЦИСКО-РАЗВОЈНА ДЕЈНОСТ | Поени | |
|---|---|---|---|
| | | во земјава | во странство |
| 2 | Поглавје од книга / ЦД | 4x10=40 | |
| **Вкупно поени од СА-ОР 40** | | | |
| **Вкупно поени од НИ-СУ + СА-ОР = 184** | | | |

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ НАСЛОВЕН ДОЦЕНТ ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ВИДОВИ НА ИНСТРУМЕНТИ – ЏЕЗ ТРУБА И ЏЕЗ АНСАМБЛ НА МУЗИЧКА АКАДЕМИЈА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ШТИП**

Со Одлука бр. 1402-113/7 од 20.12.2021 година донесена на седница на Наставно-научниот уметнички совет на Музичката академија, одржана на 20.12.2021 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на 1 (еден) наставник во насловно звање насловен доцент за наставно-научната област *видови на инструменти – џез труба и џез ансамбл* на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип. Рецензентската комисија е во состав:

– **м-р Антонијо Китановски,** наставно-научни уметнички области џез гитара и џез композиција, редовен професор на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, претседател;
– **м-р Сашо Поповски,** наставно-научна и уметничка област видови на инструменти – џез гитара, редовен професор на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, член;
– **м-р Васо Ристов,** наставно-научна и уметничка област видови на инструменти-труба, вработен на Факултет за музичка уметност, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, член.

Врз основа на приложената документација од кандидатот, чест ни е на Наставно-научниот уметнички совет на Музичката академија да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

Конкурсот за овој избор беше објавен во весникот „Слободен печат“, објавен на 1.12.2021 година, и во предвидениот рок се пријави единствено кандидатот м-р Трајче Велков од Пробиштип.

***Биографски податоци***

***Едукација*:**
**Основно училиште „Никола Карев“** – Пробиштип, 1990-1998;

- **Средно музичко училиште - Штип** (отсек Труба, класа проф. Симеон Савев), 1998-2002;
- **Додипломски студии** на Факултет за музичка уметност – Скопје, класа проф. Васо Ристов, 2002-2006 г.
- **Додипломски студии** (во процес, пауза) на Универзитетот за музичка и драмска уметност „Kunst Univesität Graz“ – Австрија, класа проф. Едуард Холтајнер, класа проф. Јорг Енгелс, класа проф. Џим Ротонди, 2007-2011 г.
- **Постдипломски (магистерски)** студии на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, ментор проф. Антонијо Китановски 2016-2021; тема на магистерски труд – „Музиката на Ли Морган”.

***Наставно-образовна дејност***

Од 2019 година до денес е хонорарно ангажиран како стручњак од практиката при Џез одделот по предметите Џез труба и Џез ансамбл на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев” – Штип.

Својата посветеност кон уметноста и музиката м-р Трајче Велков ја надополнува и преку неговото неформално образование кое го етаблира како почитуван член на академската и уметничка средина. Во продолжение се прикажани дел од неговите активности:

- Учествува на семинари и работилници од областа на класичната и џез-музика кај врвни музичари и педагози меѓу кои Андре Анри, Бо Нилсен, Енди Хедерер, Дерик Гарднер, Рекс Ричардсон, Мајкл Филип Мосман, Боб Минцер, Дик Оутс, Цери Бергонзи, Џим Снидеро, Џими Коб, Адам Нусбаум, Луис Диего Бонилја, Дејв Тејлор, Боб Брукмаер, Џон Аберкромби, Дејв Либман, Мигуел Зенон, Дон Менза...
- Од 2014 до 2016 година работи како професор по труба и камерна музика во Средно музичко училиште „Честимир Мирко Душек"- Тузла, Босна и Херцеговина.
- Од 2019 година е стручен соработник на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев"-Штип.

***Критериумите за избор во сите звања наведени во Конкурсот беа следниве:***

Кандидатот треба да има завршено високо образование од втор степен за наставно-уметничките области, како и да ги исполнува останатите услови наведени во член 127 од Законот за високо образование и Правилникот за единствените критериуми и постапка за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

Потребните документи за кандидатура за избор, наведени според Конкурсот, беа доставени во целост и беа следниве:

- Пријава
- Оригинал диплома за завршен втор циклус на студии и 3 (три) копии заверени на нотар
- Диплома за завршен прв циклус студии и 3 (три) копии заверени на нотар
- Уверение за положени испити на прв и втор циклус студии
- Кратка биографија
- Потврда за познавање на странски јазик
- Препораки од двајца вонредни професори
- Примерок од магистерски труд
- Примерок од објавен труд
- Уверение за државјанство
- Потврди од одржани концерти

**Табела со опис за изведба на 5 целовечерни концерти**

| **Бр.** | **Изведувач** | **Вид на концерт** | **Наслов на концертот** | **Датум на изведба** |
|---|---|---|---|---|
| **1.** | Трајче Велков | Целовечерен концерт | Концерт на Трајче Велков и квинтет Зелена Долина - Сараево, Босна и Херцеговина | 16.12.2021 |
| **2.** | Трајче Велков | Целовечерен концерт | Концерт на ЗЏМ Биг бенд „Музиката на Френк Зала" (концерт мајстор lead-tr солист) диригент<br><br>Зики Фајгл - Австрија, Македонска филхармонија | 1.12.2021 |
| **3.** | Трајче Велков | Целовечерен концерт | Концерт на Васил Хаџиманов бенд, МЦ Павароти (Мостар, Босна и Херцеговина) | 21.8.2021 |
| **4.** | Трајче Велков | Целовечерен концерт | Концерт "Tribute to Jazz Messengers"; Прилеп џез викенд | 28.08.2021 |
| **5.** | Трајче Велков | Целовечерен концерт | Концерт на Тони Китановски Панда 5 и Чад Меккалоу; Прилеп џез викенд | 27.08.2021 |

***Стручно-уметнички активности***

*Одбрани концерти:*

- Концерт на ЗЏМ колектив со гудачки оркестар (композитор, аранжер, солист); Охридско лето, 20.8.2020 г.
- Концерт на ЗЏМ колектив (композитор, аранжер, солист); Скопско лето; Сули ан – Скопје, 13.7.2020 г.
- Концерт со Гоце Стевковски секстет во Котур – Скопје, 7.3.2020 г.
- Концерт на Cuckoo Rack квинтет; Dubrovnik Jazz Outbreak Festival; Лазарети - Дубровник, Хрватска, 8.11.2019 г.
- Концерт со Арменд Џафери квинтет; Dit' e Nat' – Приштина, Косово 24.7.2019 г.
- Концерт на Cuckoo Rack квинтет; Дом на млади – Штип, 23.7.2019 г.
- Концерт со Џез оркестар на Хрватска Радио Телевизија; Музика на Давор Крижич во Музеј на современа уметност во Загреб, Хрватска, 9.5.2019 г.
- Концерт со Тони Китановски; Јубилеј 30 години музика на Скопје џез фестивал, Национална опера и балет – Скопје, 21.10.2018 г.

*Членство и соработка со оркестри и поголеми ансамбли:*

- ЗЏМ (Здружение на џез музичари и слободни уметници) Биг бенд
- МРТВ Биг бенд
- ХРТ (Хрватска Радио Телевизија) Џез оркестар
- SÜD Big Band – Австрија
- Тони Китановски „Little Big Orchestra"
- „Edgar Tones & the Su'sis" Big Band (AT, BiH, SLO, MK)
- ЗЏМ Колектив со гудачки оркестар
- Џијан Емин „Magic Orchestra"
- Национална опера и балет
- Македонска филхармонија
- Sandala Orchestra – Австрија
- Brass Bend „GRAZ" – Австрија
- Градски дувачки оркестар – Скопје
- Дувачки оркестар при УГД – Штип.

*Членство и соработка со помали ансамбли:*

- Трајче Велков квартет/квинтет/секстет
- ЗЏМ колектив
- Sarajevo Jazz Guerilla (BiH)
- Тони Китановски, Panda 5
- Гоце Стевковски септет
- Cuckoo Rack quintet
- SkopjeJazzInc.
- La Cherga (AT)
- Љубојна
- Зоран Маџиров & Balkano Nuevo
- Schantel (D)
- Wladigeroff Brothers (BG-AT)
- Manu Devla (AT)
- Serious Profile trio (AT)
- Zlust Project
- Lilit vs Amon Mra
- Balkantonica (D)
- FIlosofija (CRO)
- Oscar Salas & KuBalkan Ensemble
- Влатко Стефановски

- Tavitian Brothers
- Dave Wilson 7tet...

***Студиски и музички албуми***

- „Dzijan Emin & The Magical Orchestra Live in Ohrid", 2021, ZJM Records;
- „Different"- SS (Сашо Стојановски) Project 2021, SS Custom Drums;
- „Sleepwalkers" - Diamusk 2019, Diamusk Records;
- „Big City Scare" - Тони Китановски - Panda 5, 2018, SJF Records;
- „Homage to a Dreamer" - Гоце Стевковски, 2018, SJF Records;
- „On the Face Place" - Dave Wilson "CSPS" Ensemble 2016;
- „Seir" - Влатко Стефановски, 2014, Esoteria Records;
- „7 Stories" - Гоце Стевковски 7tet 2013, Password Production;
- „Unfinished Business" - Oscar Salas & KuBalkan Ensemble 2013, SJF Records;
- „Ljubojna Brasss Fantasy" – Љубојна, 2012 - Bajro Zakon Corporation;
- „Revolve" - La cherga 2011 - Asphalt Tango Records – Berlin;
- „Љубојна Live" – Љубојна, 2011 - Bajro Zakon Corporation;
- • „Песна за мојата песна" – Љубојна, 2009 - Bajro Zakon Corporation;
- "Fake no More"- La Cherga, 2008 - Asphalt Tango Records, Berlin;
- "ENLIGHTEN ME" - Lilit vs Amon Mra 2007 - E Go East Records;
- Од 2014 година е ендорсер на „*Van Laar*" Trumpets & Flugelorns – Холандија;
- 2020 година се појавува како композитор и аранжер со делото „Spring Like"; за биг бенд на манифестацијата ДММ - Денови на македонска музика;
- Работа со компјутер (Office programs, музички софтвер - Sibelius).

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Од севкупната детално наведена образовна и стручно-уметничка активност на кандидатот, констатираме дека м-р Трајче Велков ги исполнува сите предвидени услови за избор во насловно звање насловен доцент за наставно-научната уметничка област *видови на инструменти – џез труба и џез ансамбл* на Музичката академија, наведени во член 127 од Законот за високо образование и Правилникот за единствените критериуми за постапка за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип. Кандидатот, преку остварените досегашни активности, покажа способности за развивање на наставно-образовната дејност, за стручно-уметнички активности преку активно концертирање и организациско-развојна способност. Особена чест ни е како Рецензентска комисија да му предложиме на **Наставно-научниот уметнички совет да го усвои нашиот предлог и кандидатот м-р Трајче Велков да се избере во насловно звање насловен доцент за наставно-научната уметничка област *видови на инструменти – џез труба* и *џез ансамбл* на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**М-р Антонијо Китановски,** редовен професор, с.р.
**М-р Сашо Поповски,** редовен професор, с.р.
**М-р Васо Ристов,** редовен професор, с.р.

**ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДИРААТ ПРИ ИЗБОРОТ ВО ЗВАЊЕ**

| Ред. бр. | НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ И СТРУЧНО-УМЕТНИЧКИ АКТИВНОСТИ | Поени | |
|---|---|---|---|
| | | во земјава | во странство |
| 6 | Пленарно предавање на научен собир, музички настап на официјален концерт | 13x3=39 | 5x6=30 |
| 8 | Одржано предавање по покана од научна институција, музички настап на официјален концерт | 4x2=8 | |
| 11 | Одбранет магистерски труд | 4 | |
| | **Вкупно поени од НИ-СУ 81** | | |

| Ред. бр. | СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ И ОРГАНИЗАЦИСКО-РАЗВОЈНА ДЕЈНОСТ | Поени | |
|---|---|---|---|
| | | во земјава | во странство |
| 2 | Поглавје од книга / ЦД | 4x10=40 | 1x15=15 |
| | **Вкупно поени од СА-ОР 55** | | |
| | **Вкупно поени од НИ-СУ + СА-ОР = 136** | | |

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**
**НА РАКОПИСОТ ЗА СКРИПТА „ОСНОВИ НА UNIFIED MODELING LANGUAGE (UML)“ ОД АВТОРИТЕ ДОЦ. Д-Р ВАСКО КОКАЛАНОВ И ДОЦ. Д-Р ЗОРАН ЗЛАТЕВ, ФАКУЛТЕТ ЗА ИНФОРМАТИКА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, како и Одлука број 1502-36/16 од 31.1.2022 година на 206. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, одржана на 31.1.2022 г., избрана е Рецензентска комисија во состав:

– **д-р Наташа Коцеска,** редовен професор на Факултет за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип;
– **д-р Наташа Стојковиќ,** вонреден професор на Факултет за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип

за изготвување на извештај, рецензија на приложен ракопис за скрипта „Основи на Unified Modeling Language (UML)“ од авторите доц. д-р Васко Кокаланов и доц. д-р Зоран Златев.

По преглед на ракописот го поднесуваме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Општи податоци за ракописот:** Скриптата „Основи на Unified Modeling Language (UML)“ е наменета за задолжителниот предмет Софтверско инженерство, кој се изучува во трети семестар на додипломски студии на студиските програми Компјутерско инженерство и технологии, Компјутерски науки со фонд на часови 3+2+2 (8 кредити) на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип. Предложениот ракопис е во согласност со наставната програма по наведениот предмет и ја опфаќа наставната материја предвидена со вежби по овој предмет. Иако е наменет за студентите на прв циклус, тоа не ја ограничува можноста да послужи и како помагало и за студентите од втор циклус, како и на сите останати лица кои се занимаваат со моделирањето на софтверски системи.

**Податоци за обемот на ракописот:** Ракописот „Основи на Unified Modeling Language (UML)“ е напишан на македонски литературен јазик, текстот е компјутерски обработен и среден, што овозможува лесно читање на презентираниот материјал. Ракописот содржи 54 страници во А4 формат, поделени во 4 тематски целини. Ракописот содржи 55 слики и 2 табели. Освен тоа, содржи и голем број на практични примери кои го олеснуваат учењето на UML дијаграмите. Обемот и содржината на ракописот се во согласност со Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Според нашите сознанија, ваква скрипта, по обем и содржина, што одговара на предвидената наставна програма по предметот Софтверско инженерство на ФИ при УГД, не е објавена.

**Краток опис на содржината:** Ракописот „Основи на Unified Modeling Language (UML)“ е конципиран така што содржи четири целини. Целта на авторите е да ги воведат читателите во светот на UML јазикот, објаснувајќи ги детално - со текст, слики и примери, основните дијаграми од кои е составен UML јазикот.

Во првото поглавје се дава краток осврт на потребата и бенефитите од употреба на еден ваков унифициран јазик, како и историјата на јазикот опишана низ неколку клучни чекори од мотивацијата до реализацијата на UML јазикот.

Во второто поглавје *Дијаграми* е претставена основната поделба на UML дијаграмите. Класификацијата е претставена и со слика, со што е овозможено полесно воспримемање на материјалот.

Во третото поглавје се претставени *Дијаграми на однесување* кои го прикажуваат динамичкото однесување на системот преку прикажување на соработка помеѓу објектите и промените во внатрешните состојби на објектите. Во ова поглавје се претставени: дијаграмот на активности, дијаграмот на состојби, како и интеракциските дијаграми – кои се состојат од секвенцијален и комуникациски дијаграм. Притоа детално се прикажани составните елементи на секој дијаграм, а за полесно совладување на материјалот, за секој дијаграм е даден и пример (задача), за која е прикажано и решението и кратко објаснување за истото.

Четвртото поглавје *Структурни дијаграми* дава детален опис на дијаграмите кои ја сочинуваат оваа група: класен дијаграм, објектен дијаграм, компонентен и имплементациски дијаграм. Структурните дијаграми ја претставуваат структурата на системот и на елементите од кои е составен истиот. Во ова поглавје детално се прикажани составните елементи на дијаграмите од оваа група, а за полесно совладување на материјалот, за секој дијаграм е даден и пример (задача), за која е прикажано и решението заедно со кратко објаснување.

Последната страница од ракописот е резервирана за користената литература.

## ЗАКЛУЧОК

Врз основа на понудената содржина и оценката за квалитетот и соодветноста на третираните теми релевантни на областа, Рецензентската комисија оценува дека поднесениот ракопис за скрипта под наслов „Основи на Unified Modeling Language (UML)“ од авторите доц. д-р Васко Кокаланов и доц. д-р Зоран Златев одговара на критериумите за квалитет и приспособеност на наставните програми и соодветно на тоа му предлага на **Наставно-научниот совет на Факултет за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип да го прифати за позитивен Извештајот за содржината и оценката за ракописот и да го одобри издавањето и користењето на скриптата „Основи на Unified Modeling Language (UML)“ од авторите доц. д-р Васко Кокаланов и доц. д-р Зоран Златев.**

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Д-р Наташа Коцеска,** редовен професор, с.р.
**Д-р Наташа Стојковиќ,** вонреден професор, с.р.

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**
**НА РАКОПИСОТ „ТУРИСТИЧКА ГЕОГРАФИЈА“ (УЧЕБНИК) ОД АВТОРИТЕ ПРОФ. Д-Р НИКОЛА В. ДИМИТРОВ И ПРОФ. Д-Р ЦАНЕ КОТЕСКИ, ПО ПРЕДМЕТОТ ТУРИСТИЧКА ГЕОГРАФИЈА, НА ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“- ШТИП**

Со Одлука бр. 2102-41/4 од 7.2.2022 год., Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика на 258. седница донесе Одлука за избор на рецензенти за издавање е-учебник „Туристичка географија“ по предметот Туристичка географија.

За рецензирање на ракописот за учебник „Туристичка географија“ од авторите проф. д-р Никола В. Димитров и проф. д-р Цане Котески избрани се следниве рецензенти:

– **д-р Благоја Маркоски,** редовен професор на Институтот за географија, ПМФ - Скопје при Универзитет „Св. Кирил и Методиј” – Скопје и
– **д-р Златко Јаковлев,** редовен професор на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев” – Штип,

со задача да изготват и достават писмен извештај (рецензија) на ракописот „ТУРИСТИЧКА ГЕОГРАФИЈА“ од авторите проф. д-р Никола В. Димитров и проф. д-р Цане Котески.

По прегледот на ракописот, до Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика го поднесуваме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Општи податоци за ракописот**: Ракописот за учебникот **„ТУРИСТИЧКА ГЕОГРАФИЈА“** од авторите проф. д-р Никола В. Димитров и проф. д-р Цане Котески е компатибилен со Наставната програма за предметот ТУРИСТИЧКА ГЕОГРАФИЈА, што се изучува на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, на прв циклус, додипломски студии.

Предметот, согласно со Наставната програма за учебната 2020/2021 година, се изучува на две студиски програми како задолжителен предмет, и тоа на студиските програми: Туризам и Гастрономија и исхрана, во I семестар, со 8 кредити, и со фонд на часови од 3+2+2.

**Податоци за обемот на ракописот**: Ракописот за учебникот „ТУРИСТИЧКА ГЕОГРАФИЈА“ е напишан со нормален проред, фонд Arial со македонска поддршка, големина на буквите 12, 11 и 10 и има вкупно 248 страници, во А-4 формат, заедно со 274 прилози (слики, табели, карти, прегледи и графикони). Предложениот обем по содржина ги задоволува критериумите според предвидениот број часови при што се слуша како задолжителен предмет на студиската програма Туризам и студиската програма Гастрономија и исхрана.

Текстот е подготвен според пропишаната Наставна програма и барањата кои се поставуваат пред студентите, а кои се однесуваат на реализација на наставните часови во рамките на наставниот предмет Туристичка географија.

Ракописот е направена според тематски содржини кои одговараат на оваа проблематика. Покрај другото, применета е и соодветна методологија како и методски принципи кои соодветствуваат во истражувачкиот процес применлив за вакви содржини.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов**: Авторите под ист наслов („Туристичка географија“) објавиле учебник за студените на ФТБЛ во 2015 година. Ракописот за кој се дава мислење е второ изменето и дополнето издание и е во согласност со измените во Наставната програма по предметот Туристичка географија. Според тоа, потребата за објавување на поднесениот ракопис за е-учебник е според пропишаната Наставната програма по Туристичка географија и согласно со интересите на студентите.

**Краток опис на содржината:** Вкупниот ракопис во обем од 248 страници е поделен во два дела и четири поглавја. Текстуалниот дел од учебникот е збогатен со 182 слики, 44 табели, 29 карта, 15 прегледи и 4 графикони. Во учебникот се цитирани 162 разновидни библиографски единици.

**Првиот дел** од учебникот е именуван **Општа туристичка географија**. Првиот дел зафаќа вкупен обем од 158 страници, каде што текстуалниот дел е збогатен со 85 слики, 40 табели, 14 прегледи, 12 карти и 4 графикони.

Материјалот од првиот дел е поделен во **две поглавја:** ***Основи на туристичка географија; Елементи и фактори на туристичките движења во географскиот простор***.

Во првото поглавје ***Основи на туристичка географија*** се изнесени обемни податоци групирани во пет теми и тоа: Поим, предмет, задачи и цели на туристичката географија, потоа податоци за Методи и принципи, па за Местото на туристичката географија во науката и наставата, за Поделба на туристичката географија и податоци за Историско-географски развој на туристичката географија. Петтата тема, Историско-географски развој, е најобемна, каде што се изнесени разновидни податоци за првите патувања со елементи на туристички движења, односно за преттуристичките патувања, па податоци за туристичките движења во 19, 20 век и во првите две децении на 21 век за да на крајот се даваат согледувања за идните футуристички движења.

На крајот, поглавјето завршува со практична и корисна за студентите дидактичка апаратура за проверка на наученото. Така, потсетувањето или проверката ја сочинуваат три дела, и тоа: клучни зборови на темата, краток преглед на темата и поголем број прашања за дискусија.

Во второто поглавје ***Елементи и фактори на туристичките движења во географскиот простор*** се изнесени обемни податоци групирани во осум теми, и тоа: Елементи на туристичките движења, потоа податоци за Туризмот како просторно-географска појава и вредност, па за Мотивски фактори и други фактори кои влијаат на туристичките движења, па природно- географски и антропогено-географски мотивски вредности на туристичките движења, како и податоци за Видови туризам и нивна географска разместеност и на крајот податоци за Туристичка валоризација на географскиот простор.

Посебно место имаат третата, петтата и шестата тема. Во овие теми опширно и сликовито се објаснува за општите карактеристики на мотивските фактори на туристичките движења, како и меродавни податоци за природно-географските мотивски вредности на туристичките движења и антропогено-географските мотивски вредности на туристичките движења, од кои зависи развојот на туризмот.

На крајот поглавјето завршува со практична и корисна за студентите дидактичка апаратура за проверка на наученото. Така, потсетувањето или проверката ја сочинуваат три дела, и тоа: клучни зборови на темата, краток преглед на темата и поголем број прашања за дискусија.

Вториот дел од учебникот е именуван **Посебна туристичка географија**. Овој дел зафаќа обем од 84 страници, каде што текстуалниот дел е збогатен со 97 слики, 4 табели, 17 карти и 1 преглед. Материјалот во овој дел е поделен во две поглавја и седум теми.

Во првото поглавје ***Регионална туристичка географија*** се изнесени обемни податоци групирани во две теми: Регионализација, типологија и хиерархија на туристичките региони, потоа општи карактеристики на туризмот во светот и поделба по континенти и туристичко-географски региони. Во ова поглавје се елаборирани податоци за регионализацијата, типологијата и хиерархијата на туризмот во светот по континенти и туристички региони, како и статистички податоци од Светската туристичка организација за меѓународниот туристички промет гледано по туристички региони и туристички најразвиен држави.

На крајот поглавјето завршува со практична и корисна за студентите дидактичка апаратура за проверка на наученото. Така, потсетувањето или проверката ја сочинуваат три дела, и тоа: клучни зборови на темата, краток преглед на темата и поголем број прашања за дискусија.

Во второто поглавје ***Регионален преглед на туризмот по континенти и региони*** се изнесени обемни податоци групирани во пет теми, и тоа: Регионален преглед на туризмот во Европа, Туризмот во Америка, Туризмот во Австралија и Океанија, Туризмот во Азија и Туризмот во Африка.

Првата и втората тема од првото поглавје се најобемни. Првата тема регионално го обработува туризмот во Европа и истата е најобемна, што не е случајно, бидејќи станува збор за туристички е најразвиен континент. Овде особено внимание е посветено на туризмот во Средоземноморскиот регион, туризмот на Алпите и туризмот во другите региони на Европа. Исто така, во оваа тема се изнесени податоци за туристички најразвиените земји во Европа - Шпанија, Франција, Италија, Германија, Велика Британија, Швајцарија, Австрија, Грција, Хрватска, Русија, Бугарија итн.

Обемни податоци се изнесени и во втората тема *Туризмот во Америка*, особено податоци за туризмот во САД и Канада, Мексико, Куба, Бразил итн.

За останатите континенти се изнесени поважни туристички податоци за повеќе држави: Австралија, Кина, Јапонија, Индија, Египет, но и за други земји.

На крајот поглавјето завршува со практична и корисна за студентите дидактичка апаратура за проверка на наученото. Така, потсетувањето или проверката ја сочинуваат три дела, и тоа: клучни зборови на темата, краток преглед на темата и поголем број прашања за дискусија.

Учебникот завршува со поширока библиографија на користена и консултирана литература од домашни и странски автори, во обем од 162 библиографски единици распоредени во 6 страници.

## З А К Л У Ч О К

Учебникот „ТУРИСТИЧКА ГЕОГРАФИЈА“ од авторите проф. д-р Никола В. Димитров и проф. д-р Цане Котески претставува стручна публикација која ги опфаќа најголемиот број елементи и компоненти во истражувачкиот, едукативниот и наставно-образовниот сегмент во делот на туристичката географија. Разработените содржини се во согласност со Наставната програма на предметот Туристичка географија, што го изучуваат студентите на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев – Штип, на студиските програми Туризам и Гастрономија и исхрана, во I семестар, со 8 кредити, и со фонд на часови од 3+2+2.

Приложениот ракопис во целост ги задоволува критериумите и условите за издавање е-учебник пропишан според Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.

Учебникот е напишан во мошне разбирлив стил за скоро сите видови читатели, а најмногу за оние коишто се занимаваат со истражување и изучување на туристичката географија. Според тоа, покрај за широката читачка популација, најмногу може да користи и за студентите од факултетите за туризам и угостителство, потоа за оние кои ја изучуваат гастрономијата, за сите оние коишто се занимаваат со хотелиерство, туризам и сл.

**Рецензентската комисија предлага ракописот „Туристичка географија“ од авторите проф. д-р Никола В. Димитров и проф. д-р Цане Котески да биде издаден како е-учебник за потребите на студентите на прв циклус - додипломските студии на студиските програми Туризам и Гастрономија и исхрана на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.**

**Рецензенти**

**Д-р Благоја Маркоски,** редовен професор,
Институтот за географија,
Природно-математички факултет – Скопје,
Универзитет „Св. Кирил и Методиј” – Скопје, с.р.
**Д-р Златко Јаковлев,** редовен професор,
Факултет за туризам и бизнис логистика – Гевгелија,
Универзитет „Гоце Делчев” – Штип, с.р.

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**
**НА РАКОПИСОТ „ДИГИТАЛНА ЕКОНОМИЈА”**
**ОД ПРОФ. Д-Р РИСТЕ ТЕМЈАНОВСКИ, ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ,**
**УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр.1202-49/7 од 216. редовна седница на Наставно-научниот совет на Економски факултет, одржана на 8.3.2022 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

– **д-р Круме Николоски,** редовен професор, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип;
– **д-р Златко Бежовски,** вонреден професор, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

за изготвување на извештај - рецензија на приложениот ракопис со наслов **„Дигитална економија“ - прво издание** од авторот **д-р Ристе Темјановски**, редовен професор, наменет за студентите на прв циклус студии на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Економски факултет го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Општи податоци за ракописот:** Ракописот „ДИГИТАЛНА ЕКОНОМИЈА” од проф. д-р Ристе Темјановски е наменет за студентите на прв циклус студии на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип. Ракописот е структуриран и пишуван според Наставниот план и програма за предметот ДИГИТАЛНА ЕКОНОМИЈА, кој се изучува на прв циклус студии на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев” – Штип. Наставниот предмет Дигитална економија застапен е како предмет на студиската програма Бизнис економија (2+2+1) со 6 кредити (нова студиска програма, четврти семестар) и на студиската програма Сметководство и ревизија (2+2+1) со 4 кредити (нова студиска програма, во шести семестар). Ракописот кој им е доставен на рецензентите претставува материјал преку кој студентите ќе можат да ги добијат основните поими, насоки, сознанија, практични искуства и информации потребни за предметната материја, но и ќе може целосно да се реализираат барањата на предметната програма и ЕКТС системот.

**Податоци за обемот на ракописот:** Содржината на ракописот, кој е наменет за издавање во вид на е-учебник по предметот Дигитална економија е претставен од вкупно 316 страници текстуален материјал, надополнет со табели, слики и прилози. Трудот е пишуван во А4 формат, со нормален проред, употребен е фонт Arial, големина на буквите 11. Ракописот е подготвен според стандардната методологија, а обемот на трудот и неговата содржина ги задоволуваат критериумите според бројот на часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип. Ракописот по обемот и содржината ги задоволува критериумите за електронски учебник и кореспондира со бројот на часови по предметот Дигитална економија за студентите на Економски факултетот при Универзитет „Гоце Делчев” - Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Ракописот е напишан на едноставен и разбирлив јазик, со јасна стручна терминологија, прифатлив за студентите. Трудот, според содржината и начинот на обработка, претставува дело во кое на оригинален начин е опфатена комплексноста на дигиталната примена во економска проблематика. И покрај тоа што во нашата земја постои мал број и примери на јавно презентирана литература од оваа област, сепак проблематиката разработена со оваа методологија и во овој обем

на материјал е неопходна за студентите на Економски факултет при УГД, за студентите кои ги изучуваат сродните економски проблематики и други дисциплини (студиите по информатика, по јавна администрација, туризам и бизнис логистика и сл.). Може да се каже дека трудот претставува научен материјал со висок квалитет на презентирани информации, кој може да се примени за стекнување на широки знаења од доменот на актуелностите на дигиталната економија. Во тој поглед, учебникот претставува единствен едукативен пишан стручен труд кој обработува ваква проблематика кај нас, приспособен на потребите за образованието и едукацијата во областа на економските науки. Затоа овој учебник сметаме дека е особено значаен, како од теоретски, така и од практичен аспект за актуелните и идните генерации на студенти. Друг учебник, скрипта, практикум или друго наставно помагало што ја третира проблематиката и на дигиталната економија во една синтезна целина според ваквата наставна програма на УГД не е објавен.

**Краток опис на содржината:** Материјата е конципирана во дванаесет самостојни поглавја - глави, кои се однесуваат на следните тематски единици: Глобализацијата, информатичко-комуникациската технологија и дигиталниот свет (Глава I); Дигитална економија (Глава II); Дигитализација, иновација и претприемништво (Глава III); Предизвиците на менаџментот во дигиталниот свет (Глава IV); Правно регулирање на електронското работење (Глава V); Технологија на електронското работење (Глава VI); Електронска трговија (Глава VII); М-трговија (Глава VIII); Електронски маркетинг (Глава IX); Електронско банкарство (Глава X); Е-учење (Глава XI); Дигиталната економија во Северна Македонија (Глава XII).

Пред да ги истакнеме нашите оценки за трудот, како и предлогот, најнапред во скратена форма ќе ја презентираме неговата содржина**.**

Во **првото поглавје** од книгата авторот, проф. Темјановски, фокусот на вниманието го насочува кон глобализацијата, информатичката технологија и дигиталниот свет, нивното значење, меѓузависност и влијание врз промената на глобалниот бизнис. Информатичките и комуникациските технологии (ИКТ) се сметаат за едни од главните движечки сили на светската економска трансформација. Иако ИКТ се тие кои можат да го моделираат новиот свет за попријатен амбиент, тие во исто време можат да доведат и до ново разединување меѓу земјите и регионите. Главна област на технолошкиот напредок во поново време се микропроцесорите, ласерите, оптичките влакна и сателитската технологија, а во претстојниот период тоа ќе биде генетскиот инженеринг и микробиологијата.

**Втората глава** е насочена кон поимно дефинирање на дигиталната економија. Дигиталната економија е економија базирана на примената на информатичко-комуникациската технологија (ИКТ) во економскиот екосистем. Поимот дигиталната економија привлекува сè поголемо внимание во индустријата, академската средина, секојдневниот живот, упатувајќи на нови димензии, некои автори дури ги нарекуваат и апокалиптични, но и возбудливи сценарија кои го одземаат здивот во која насока ќе се развива технолошката иновативност. Некои гледишта се поврзани со скептицизам и предупредуваат на можноста од губење на работните места поради автоматизација, но некои откриваат димензии непознати од денешната точка на гледање на реалноста.

Дигиталната економија е гранка на економијата која ги проучува дигиталните услуги, како на пример електронската трговија, електронската промоција, електронското банкарство. Дигиталната економија е овозможена со дигитализација на економијата, што, пак, е поттикнати од три технолошки развојни еволуции: дигитализација на податоците, еволуција на дигитални ИКТ инфраструктури и брза и евтина дигитална обработка и складирање на податоци, посебно примената на т.н. облак на компјутерски системи. Екосистемот на дигитална економија ги опишува односите и зависностите помеѓу дигитални услуги, ИКТ инфраструктури и дигитални пазари во контекст на социо-економските услови.

Во **третиот дел** на книгата *Дигитална економија* професорот Темјановски фокусот на своето внимание го насочува кон дигитализацијата, иновацијата и претприемништвото. Денес дигиталните технологии се користат интензивно од страна на претприемачите

и пронаоѓачите за да се создадат нови типови на претприемачки акти кои се протегаат надвор од традиционалните индустриски граници за да се вклучат компјутерските мрежи, средини и заедници, забрзувајќи ја еволуцијата на новите бизниси. Новиот дигитален свет постојано бара и нови стратегии за конкурентски натпревар меѓу компаниите и сите актери на дигиталниот пазар. Се поставува прашањето кои се најатрактивни области каде ќе се насочи стратегијата за да се постигнат очекувани успеси во светот на новата дигитална економија. Во една извршена анкета каде што би инвестирале одредени компании и во развиените земји и растечките економии во наредните пет години се добиени овие резултати.

Предизвиците на менаџментот во дигиталниот свет се обработени во **четвртата глава**. Авторот д-р Темјановски ја нагласува улогата на тимската работа, соработката и интеракцијата меѓу вработените, потенцирајќи дека ваквата синхронизација ќе доведе до промена во управувањето кај бројни генерации. Конкурентноста на организацијата ќе зависи речиси од способноста на трансформација од хиерархиско и индивидуално ниво на работното место, во промовирање и поинтензивна соработката, што доведува до нов однос на пропорционалноста помеѓу индивидуализмот и солидарноста - две главни карактеристики на современото општество. За да се биде успешен бизнисмен потребно е да се има повеќе од желба за да се биде сопственик сам на себе. Тоа бара посебна посветеност, упорност, способност за донесување одлуки и способност да се управува со вработените и со финансиите. Менаџмент планот заедно со пазарниот план и планот за финансиски менаџмент формираат основа и можности за успех во бизнисот.

На проблемите поврзани со правно регулирање на електронското работење авторот го посветил **петтото поглавје** во учебникот. Прашањата поврзани за оваа проблематика спаѓаат во доменот на институционална инфраструктура. Институционална инфраструктура подразбира закони, правила и регулативи кои управуваат со пазарните трансакции, како што се прашањата врзани за законски договори, одлучување во случај на спор, заштита на интелектуалната сопственост. Решавањето на овие прашања сега станува сè поважно бидејќи речиси сите бизниси постојано се движат кон она што може да се нарече дигитално опкружување. Изнесени се голем број на предлози за политика кои се обидуваат да го ограничат опсегот на даночното избегнување и даночната конкуренција, со обид да се предодреди распределбата на оданочената добивка низ земјите, заклучува д-р Темјановски.

Во **шестото поглавје** авторот фокусот на внимание го насочува кон технологијата на електронското работење. Авторот д-р Темјановски дава поимно објаснување и категоризирање на деловните или бизнис информациони системи. Деловниот или бизнис информациски систем е систем кој служи за собирање, чување, обработување и пренесување податоци и информации во деловниот процес. Системот кој ги врши дадени функции со цел да управува се нарекува управувачки информациски систем и претставува дел од деловниот информациски систем. Електронскиот информациски систем е систем кој користи информациска технологија (сметачки машини и телекомуникации) во своето функционирање. Авторот го апострофира фактот дека основна поставеност на секој технолошки развој кој се развива и на кој се темели севкупниот цивилизациски напредок претставува информацијата. Секоја општествена заедница треба да обезбеди услови за слободен и непречен проток на информациите што би претставувал механизам за мотивираност во општиот цивилизациски развој. Во тој контекст резултатите од интелектуалниот труд на луѓето треба да бидат сопственост на целото општество во идниот технолошки развој. Користењето на научните и технолошките информации е важен предуслов за совладување на туѓите и создавање на нови сопствени технологии, како и за максимално искористување на научниот и технолошкиот потенцијал, кој ги користи информациите не само за секојдневните тековните задачи туку и како поттик за нови креации. Без научните и технолошките информации една средина се доведува до интелектуална изолација која води до индиферентен однос на заедницата кон таа средина.

На проблемите поврзани со електронската трговија авторот го посветил **седмото поглавје** во учебникот. Иако користат различна терминологија, јасно е дека различните

истражувачи го делат мислењето дека електронската трговија вклучува широк спектар од компјутерски апликации чија заедничка цел е да обезбедат продажба на стоки и услуги на потрошувачите. Во реалниот живот и секојдневните бизнис практики електронската трговија (e-commerce) најчесто се однесува на купување или продавање, користејќи ја современата интернет технологија. Но е-трговијата вклучува многу повеќе од електронското посредување на финансиските трансакции меѓу организациите и комитентите. Многу напомени околу е-трговијата се однесуваат на сите електронски трансакции меѓу компаниите и која било трета страна која е вклучена во бизнис активноста. Според оваа дефиниција, нефинансиските трансакции како потребите и барањата на купувачите за понатамошни информации се разгледуваат како дел од е-трговијата.

Технологијата на м-трговијата авторот ја опфаќа во **осмото поглавје**, каде што професорот Темјановски истакнува дека м-трговијата може да се третира како кој било вид електронска трговија каде што купувањето и продавањето на производи услуги се спроведуваат преку која било безжична мрежа, на пример на мобилен телефон, лични дигитални асистенти (ПДА), паметни (СМАРТ) телефони и/или други преносни уреди. Сепак, кај м-трговијата потрошувачите немаат обврска да се конектираат преку компјутер со дефинирана локација. Ова ја прави м-трговијата во старт подинамична и поедноставна. Со своите инхерентни карактеристики во кои спаѓаат присутност, персонализација, флексибилност и сл. овој вид на е-трговија може да се класифицира во наредната генерација на B2C модели.

Во **деветтото поглавје** авторот фокусот на внимание го насочува кон електронскиот маркетинг. Управувањето и раководењето со маркетинг-активностите (маркетинг-менаџментот) е сложен процес преку кој треба да се овозможи остварување на целите на маркетингот. Овој процес во современи услови на стопанисување ги опфаќа сите аспекти на работењето на стопанските, па и нестопанските субјекти доколку во работењето се поаѓа од задоволувањето на желбите и потребите на потрошувачите, односно корисниците. Тоа значи дека само со таков начин на работење може да стане збор за маркетинг-менаџмент, односно само доколку активностите се остваруваат врз основа на принципите на маркетингот може да се зборува за маркетинг-менаџмент. Управувањето и раководењето со маркетинг-активностите (маркетинг-менаџментот) е сложен процес преку кој треба да се овозможи остварување на целите на маркетингот. Овој процес во современи услови на стопанисување ги опфаќа сите аспекти на работењето на стопанските, па и нестопанските субјекти доколку во работењето се поаѓа од задоволувањето на желбите и потребите на потрошувачите, односно корисниците. Тоа значи дека само со таков начин на работење може да стане збор за маркетинг-менаџмент, односно само доколку активностите се остваруваат врз основа на принципите на маркетингот може да се зборува за маркетинг-менаџмент.

Во **десеттото поглавје** е претставена технологијата на електронското банкарство. Електронското банкарство (e-banking) е вид на банкарско работење односно банкарски услуги на физички и правни лица кои се извршуваат со користење компјутерски мрежи и телекомуникациски медиуми. Електронското банкарство овозможува намалување на трошоците во извршувањето на работата, развој на голем број услуги приспособени според потребата на клиентите, т.е. овозможува придобивање нови клиенти во банката. Интернет банкарството значи користење на Интернетот како далечински дистрибутивен канал за извршување банкарски услуги, вклучувајќи ги и оние традиционалните, како што се отворање депозит или трансфер на фондови меѓу различни сметки, како и новите банкарски услуги, електронските презентирања на сметките и плаќањата, коишто им овозможуваат на клиентите да примаат и да плаќаат одредени износи преку веб-сајтот на банката. Во ова поглавје професорот Темјановски го анализира и пазарот на крипто-валутите. Крипто-валутите се шифрирана, peer-to-peer (лице на лице; еден на друг, колега на колега, превод) мрежа за олеснување на дигиталната размена. Во текот на изминатите неколку години тие се покажаа како најбрзорастечка класа на финансиски средства и понудија значителни погодности на инвеститори од различни категории. Претприемачките инвеститори и трговци имаа корист од уникатните можности понудени

како крипто-валути. Сепак, инвестициите во овие портфолија како и сите други класи на средства бараат огромни инвестиции во вистинско време, специфично знаење, аналитика како и професионални алатки за да бидат успешни

Погодностите, начините и моделите на е-учење се разработени во **единаесеттото поглавје** од книгата. Е-учењето е онлајн испорака на информација со цел учење, обука или знаење за менаџментот. Тоа е веб-систем кој го прави знаењето достапно за оние корисници на кои им треба и кога им треба, во секое време, во секое место. Е-учењето може да е корисно и за средината за зајакнување на учењето во училиштата и за средината за ефективна корпоративна обука. Е-учењето со новата содржина и пристап ќе помогне организациите и земјите да се адаптираат на барањата на интернет економијата со обука на вработените и едукација на граѓаните. Е-учењето може да заштеди пари, да го редуцира времето за патување, да го зголеми пристапот до експертско мислење, овозможи голем број студенти симултано да земаат часови, обезбеди едукација за побарувачката и обезбеди самостојно учење. Исто така може да го направи учењето помалку фрустрирачко, правејќи го поинтерактивно и привлечно.

Дигиталната економија во Северна Македонија е елаборирана во учебникот во **дванаесеттото поглавје**. И покрај тоа што постои големо интересирање за трговијата преку Интернет, и од страната на потрошувачите и од страната на трговците, таа сѐ уште не го достигнала саканото ниво во Македонија. Зошто? Во развиениот свет, буквално сѐ може да се набави и купи преку Интернет, од книги, цедеа, најнови софтверски решенија, лекови, козметика, облека, па дури и лесни видови дрога. На истиот начин можат да се платат сметки за вода, струја, парно. Може да се комуницира и со државни институции, избегнувајќи ги долгите редици пред шалтерите. Преку Интернет можат да се платат таксите за добивање на потребните документи, изводи од матични книги на родените, поседовни листови, катастарски скици. Во случајот на Македонија, во последниве години забележителни се чекори нанапред. Имено, се банките целосно се преструктурирани со воведувањето на е-банкарство, со кое се овозможува проверка на состојбата на сметката или плаќање на комуналиите преку Интернет. Сепак, неизбежна е констатацијата дека и покрај заложбите заостануваме во однос на земјите во регионот и развиените земји.

**ЗАКЛУЧОК**

Материјата обработена во ракописот на учебникот со наслов „Дигитална економија“ во целост ги задоволува потребите на Наставниот план и програма по предметот предвидена за студентите на прв циклус студии на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

Материјата е презентирана со јасен, студиозен пристап и изобилува со бројни табеларни и графички примери. Авторот применува и бројни стручни и научно-методолошки форми во презентирањето на материјата. Присутен е компаративно-аналитичкиот пристап, односно квалитативната анализа, современи методи на научна проценка и богата странска литература. Авторот на трудот ги илустрира испитуваните појави компаративно низ временска и просторна димензија, преку примери со учество на различни модели на дигитализација во современиот бизнис екосистем. Информациите презентирани во книгата претставуваат практична и научна примена на дигитализацијата во современиот економски поредок.

Во разработка на поставените теми во трудот, авторот со прилично разбирлив и стручен академски стил на пишување на вакви наставни градива пристапува кон структурирање на проблематиката и користениот материјал во конечното обликување на трудот што е пред нас. Со нагласена академска прецизност авторот ги дефинира и презентира заклучоците до кои доаѓа при истражувањето во оваа област. Поради ваквиот стил и модел на презентираниот материјал се очекува студентите без тешкотија да ја совладаат оваа материја. Трудот е поткрепен со бројни статистички табеларни прегледи и графикони, како основа на анализите, истражувањата и заклучоците по клучните прашања содржани во трудот, а цитирана е најсовремена литература за оваа проблематика од домашни и странски автори, актуелни законски регулативи, клаузули од националното и меѓународното право, како и актуелни статистички податоци од Еуростат и ОН.

Од горенаведенето, Комисијата констатира дека ракописот целосно ги оправдува и задоволува основните критериуми за објавување во форма на рецензиран електронски учебник.

Поради тоа, Рецензентската комисија има особена чест и задоволство да му предложи на **Наставно-научниот совет на Економскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ракописот „Дигитална економија” од проф. д-р Ристе Темјановски да биде издаден како електронски учебник за студентите на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев” - Штип.**

**Рецензенти**

**Д-р Круме Николоски,** редовен професор, с.р.
**Д-р Златко Бежовски,** вонреден професор, с.р.

**П Р Е Г Л Е Д**
**на наслови на теми за изработка на магистерски и специјалистички трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата**

| | Наслов на тема | Одлука | Ментор | Студент |
|---|---|---|---|---|
| **МУЗИЧКА АКАДЕМИЈА** | Етнокореолошки аспекти на фестивалските сцени | 1402-46/7 од 9.3.2022 год. | Проф. д-р Владимир Јаневски | Љупка Стефановска |
| | Етнокореолошки карактеристики на Лазарските обредни поворки од пределите на Славиште, Бојмија и Струшки Дримкол | 1402-46/6 од 9.3.2022 год. | Проф. д-р Гоце Гавриловски | Тијана Јаневска |